ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

Број: 11-371/18
Датум: 27.07.2021
Скопје

Врз основа на член 35, став 1,2,3,4,5,6,7 и 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Карпош, го дава следното:

## СООПШТЕНИЕ

За организирање на Повторна Јавна презентација и Јавна анкета по Конечен Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт ССЗ 02, Блок 06, Општина Карпош - Скопје.

Повторната Јавна анкета по Конечен Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт ССЗ 02, Блок 06, Општина Карпош Скопје, ќе се одржи од 03.08.2021 година до 09.08.2021 година, секој работен ден, од 7.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош - Скопје.

Повторната Јавна презентација по Конечен Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт ССЗ 02, Блок 06, Општина Карпош Скопје, ќе се одржи на ден 05.08.2021 год., во 14.00 часот, во просториите на Општина Карпош - Скопје.

Границата на планскиот опфат е дефинирана со границите на Блок 06, како што е одредена со УПЧ за ССЗ 02 ,Скопје 2014-2022, усвоен со Одлука бр. 07-4867/1 од 14.07.2014 година.

Истата се движи на следниот начин:

- На север осовина на сервисна улица С3 "Скупи"
- На исток осовина на градска магистрална улица булевар "8ми септември"
- На југ осовина на река "Вардар"
- На запад осовина на Новопланирана сервисна улица С4 "Љубљанска".

Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно 35,08 ха.

Површината на Блок 6 од четвртта ССЗ02 до регулациската линија на ниво на четврт како што е дефинирана со УПЧ за ССЗ 02 ,Скопје 2014-2022, усвоен со Одлука бр. 07-4867/1 од 14.07.2014 година, изнесува 26,63ха.

Анкетните листови за учество во Повторната Јавна анкета ќе се наоѓаат во просториите на Општина Карпош, Скопје. Соопштението за организирање на Повторната Јавна Презентација и Јавната анкета, Графичкиот приказ за Конечен Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт ССЗ 02, Блок 06, Општина Карпош Скопје и подетални информации за истиите ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да достават писмени забелешки на анкетните листови.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стефан Богоев

STEFAN BOGOEV

Digitally signed by STEFAN BOGOEV
Date: 2021-07-27

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023059-903, факс: 3062925*
*www.karpos.gov.mk*